**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**
**СКОПЈЕ**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2013 ДО 31.12.2013 ГОДИНА

**Скопје, јануари, 2013 година**

## ВОВЕД

Реализацијата на активностите во Центарот за стручно образование и обука – Скопје (во понатамошниот текст: Центарот) се одвиваа во согласност со Програмата за работа на Центарот во 2013 година. Извештајот е изготвен врз основа на индивидуалните извештаи за работа од вработените за периодот од 01.01.2013 до 31.12.2013 година.

Во текот на 2013 година, Центарот реализираше активности од следните области кои беа зацртани во Годишната програма за работа на Центарот:

- Развој на стандарди на занимања и стручни квалификации;
- Развој на образовни програми;
- Истражување и развој на стручното образование;
- Деловна поддршка;
- Финансиски прашања;
- Вонпрограмски задачи.

Во текот на 2013 година, покрај работните задачи предвидени со Годишната програма, Центарот за стручно образование и обука реализираше и работни задачи кои не беа предвидени со истата, а беа зададени од страна на Министерството за образование и наука, Секретаријатот за европски прашања, Државниот испитен центар, Центар за образование на возрасни, стручните училишта и други институции, како и активности кои произлегуваа од Стратегијата за стручно образование и обука во контекст на Доживотно учење 2013-2020 година. Исто така, Центарот учествуваше и во активности на проекти чии носители се други институции.

## ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

### I. ИЗРАБОТКА НА СТАНДАРДИ НА ЗАНИМАЊА И СТАНДАРДИ НА СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ

Во согласност со Годишната програма, се остварени контакти со Агенцијата за вработување на Република Македонија за да се добијат податоци од истражувањата на потребите на пазарот на трудот.

Предвидените активности за: изработка на 65 стандарди на занимања во стручното образование за занимања и во стручното оспособување, изработка на околу 14 стандарди на стручни квалификации во стручното оспособување и изработка на околу 20 стандарди на стручни квалификации во стручното образование за занимања, кои не беа опфатени со Твининг проектот, НЕ се

реализирани поради тоа што не беа обезбедени потребните услови за нивна реализација.
Центарот соработуваше со повеќе институции и субјекти кои се заинтересирани за стручното образование, како што се: Стопанска комора, Сојуз на стопански комори, Стопанска комора на Северо-западна Македонија, Занаетчиска комора на Република Македонија, Организација на работодавачи, Бизнис конфедерација на Република Македонија и други институции.
Позитивна рефлексија врз заемната соработка со социјалните партнери имаа претходно потпишаните Протоколи за социјално партнерство во областа на стручното образование и обука, како основа за долгорочна стратешка соработка помеѓу Центарот и Владата на Република Македонија од една страна и социјалните партнери во областа на стручното образование и обука од друга страна, како и поединечните Меморандуми за соработка и разбирање помеѓу Центарот и останатите социјални партнери.

## II. РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ

### 1.Финализирани наставни планови, наставни програми и испитни програми за реформирано стручно оспособување и стручното образование за занимања во рамките на Твининг проектот „Поддршка за модернизација на системот за образование и обука“.

Во периодот од јануари до мај, Центарот ги финализираше активностите кои произлегуваат од Твининг проектот „Поддршка за модернизација на системот за образование и обука“ МК/07/ИБ/СО/03 за реформа на стручното оспособување и стручното образование за занимања.

- Изготвена е Анализа на кадровски и материјално – технички услови за имплементација на новите образовни профили опфатени со Твининг проектот;
- Обучени се членовите на училишните развојни тимови, пилот-стручните училишта со кои беа опфатени 13 струки, за имплементација на реформираните наставни планови и програми во двегодишното и тригодишното стручно образование;
- Обука на ментори за практична обука на учениците кај работодавачите;
- Обуки за советници од Центарот за стручно образование и обука, во рамките на Твининг проектот;
- Обуки на директорите за планирање, организација и имплементација на реформираните наставни планови и програми во тригодишното стручно образование;

- Завршна конференција на проектот “Поддршка на модернизација на системот за образование и обука”;
- Финализирање на наставните планови, програми и испитни програми за реформираните образовни профили од 13 струки.

**Преглед на финализирани испитни програми, наставни планови и наставни програми за реформирано стручно оспособување и стручно образование за занимања.**

| Ред. бр. | Струка | Бр. на наставни планови | Број на наставни програми од I до III година | Број на испитни програми |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Геолошко-рударска и металуршка | 1 | 11 | 1 |
| 2. | Шумарско-дрвопреработувачка | 1 | 11 | 1 |
| 3. | Градежно-геодетска | 1 | 7 | 1 |
| 4. | Земјоделско-ветеринарна | 1 | 12 | 1 |
| 5. | Хемиско-технолошка | 2 | 20 | 2 |
| 6. | Графичка | 1 | 11 | 1 |
| 7. | Текстилно-кожарска | 2 | 20 | 2 |
| 8. | Машинска | 1 | 10 | 1 |
| 9. | Електротехничка | 1 | 12 | 1 |
| 10. | Автосообраќајна | 1 | 12 | 1 |
| 11. | Економско-правна и трговска | 1 | 13 | 1 |
| 12. | Угостителско-туристичка | 3 | 39 | 3 |
| 13. | Лични услуги | 1 | 13 | 1 |
| **Вкупно** | | **17** | **218** | **17** |

## 2. Изработка на испитни програми, наставни планови и наставни програми во четиригодишното стручно образование

Согласно со предвидените активности од Годишната програма за работа на Центарот и потребите на стручните училишта се изработени наставни програми за образовните профили кои беа воведени во 2010 и 2011 година и тоа: за трета година за образовните профили: техничар-дизајнер за внатрешна архитектура од градежно-геодетска струка и конфекциски компјутерски оператор од текстилно-кожарска струка, како и за четврта година за образовниот профил машиновозач за дизел и електровлечни возила од сообраќајна струка. Според искажаните потреби на училиштата, беа изработени и други програми.

Продолжија и активностите за заокружување на техничкото образование за ученици во специјалните средни училишта. За таа цел беа изработени наставни програми за четврта година за учениците со посебни образовни потреби за машинска и текстилно-кожарска струка.

**Преглед на изработени наставни програми во техничкото образование**

- Изработени наставни програми за трета година за образовните профили: техничар-дизајнер за внатрешна архитектура од градежно-геодетска струка (9) и конфекциски компјутерски оператор од текстилно-кожарска струка (8);
- Изработени 9 наставни програми од машинска струка и 10 наставни програми од текстилно-кожарска струка за четврта година за учениците со посебни образовни потреби;
- Изработени 8 испитни програми за полагање на стручниот предмет за матурски и завршен испит, за образовни профили од техничкото образование, според кои се образуваат ученици во четврта година во учебната 2012/2013 година;
- Изготвен стандард на занимање за образовниот профил Техничар за логистика и осигурување „Осигурителен застапник“(1);
- Изготвен наставен план за образовниот профил Техничар за логистика и осигурување;
- Изработка на наставни програми за образовниот профил Машиновозач за дизел и електрични влечни возила(7);
- Изработени четири (4) нови наставни програми и преземени две (2) наставни програми за новиот образовен профил Угостителски техничар за рурален туризам од угостителско-туристичка струка;
- Изготвени се и одобрени се три (3) наставни програми за втора година за образовниот профил Банкарски техничар од економско-правна и трговска струка, техничко образование;
- Преземени се и одобрени се две (2) наставни програми за втора година за образовните профили Економски техничар, Правен техничар, Техничар за трговија и маркетинг, Деловен секретар, Банкарски техничар од економско-правна и трговска струка, техничко образование.

# 3.Оценување

## 3.1. Екстерна проверка на постигањата на учениците

3.1.1.Координирање на активностите за изработка и превод по 50 прашања за наставни предмети од незавршните години за сите струки/профили во средното стручно образование

| Реден број | Струка | Вкупен број прашања по наставни јазици за незавршните години | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Македонски | Албански | Турски |
| 1. | Геолошко-рударска и металуршка | 4500 | / | / |
| 2. | Градежно-геодетска | 2200 | 2050 | / |
| 3. | Грфичка струка | 800 | / | / |
| 4. | Економско-правна и | 2100 | 2100 | 1300 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | трговска | | | |
| 5. | Електротехничка | 2400 | 2400 | 2000 |
| 6. | Здравствена | 1750 | 1750 | 900 |
| 7. | Земјоделско-ветеринарна | 3200 | 2050 | / |
| 8. | Лични услуги | 1650 | 1650 | |
| 9. | Машинска | 2700 | 2650 | / |
| 10. | Сообраќајна | 1800 | 1300 | 1300 |
| 11. | Автотехничка | 450 | 450 | / |
| 12. | Текстилно-кожарска | 2250 | 2250 | / |
| 13. | Насока-Применета ликовна уметност | 1150 | 1150 | / |
| 14. | Угостителско-туристичка | 1150 | 1150 | |
| 15. | Хемиско-технолошка | 3200 | 1600 | / |
| 16. | Шумарско-дрвопреработувачка | 6500 | / | / |
| 17. | Спортска гимназија | 250 | 250 | / |
| **ВКУПНО** | | **38050** | **21350** | **5500** |

**Време на реализација:** април-мај, 2013 година.

**3.2.** Координирање на активностите за изработка и превод **од 100 до 150 прашања за наставни предмети од завршните години за сите струки/профили во средното стручно образование**

| Реден број | Струка | Вкупен број прашања по наставни јазици за завршните години | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Македонски | Албански | Турски |
| 1. | Геолошко-рударска и металуршка | 3250 | | / |
| 2. | Градежно-геодетска | 2800 | 2800 | / |
| 3. | Грфичка струка | 1500 | / | / |
| 4. | Економско-правна и трговска | 2900 | 2900 | 1650 |
| 5. | Електротехничка | 4400 | 3250 | 2500 |
| 6. | Здравствена | 1550 | 1550 | 750 |
| 7. | Земјоделско-ветеринарна | 3900 | 2350 | / |
| 8. | Лични услуги | 1700 | 1700 | |
| 9. | Машинска | 4650 | 4200 | / |
| 10. | Сообраќајна | 2250 | 1550 | / |
| 11. | Автотехничка | 750 | 750 | / |
| 12. | Текстилно-кожарска | 2700 | 2700 | / |
| 13. | Насока-Применета ликовна уметност | 400 | 400 | / |
| 14 | Угостителско-туристичка | 1100 | 1100 | |
| 15 | Хемиско-технолошка | 3600 | 1700 | / |
| 16 | Шумарско- | 2350 | / | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | дрвопреработувачка | | | |
| 17. | Спортска гимназија | 350 | 350 | / |
| **ВКУПНО** | | **40150** | **27300** | **4900** |

**Време на реализација:** ноември-декември, 2013 година

**3.3. Подготовка и почеток** на активностите за изработка и превод **од 200 до 500 прашања за наставни предмети од незавршните години за сите струки/профили во средното стручно образование**

| Реден број | Струка | Вкупен број прашања по наставни јазици за **не**завршните години | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Македонски | Албански | Турски |
| 1. | Геолошко-рударска и металуршка | 7100 | | / |
| 2. | Градежно-геодетска | 9900 | 8900 | / |
| 3. | Грфичка струка | 3600 | / | / |
| 4. | Економско-правна и трговска | 12200 | 12200 | 6700 |
| 5. | Електротехничка | 12300 | 12300 | 10900 |
| 6. | Здравствена | 7600 | 7600 | 3300 |
| 7. | Земјоделско-ветеринарна | 14200 | 8700 | / |
| 8. | Лични услуги | 7900 | 799 | 6100 |
| 9. | Машинска | 12800 | 12200 | / |
| 10. | Сообраќајна | 8100 | 6000 | / |
| 11. | Автотехничка | 1800 | 1800 | / |
| 12. | Текстилно-кожарска | 12200 | 11000 | / |
| 13. | Насока-Применета ликовна уметност | 1800 | 1800 | / |
| 14. | Угостителско-туристичка | 6700 | 6700 | |
| 15. | Хемиско-технолошка | 14800 | 7000 | / |
| 16. | Шумарско-дрвопреработувачка | 11800 | 600 | / |
| 17. | Спортска гимназија | 1150 | 1150 | / |
| **ВКУПНО** | | **153 900** | **151999** | **27000** |

**Време на реализација:** ноември-декември, 2013 година

## III. ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Центарот континуирано учествуваше во активности во текот на 2013 година, кои допринесуваа за развој на стручното обрзование. Некои активности беа предвидени со Годишната програма, додека за некои се појави потреба за нивно реализирање.

Предвидената активност во Годишната програма на Центарот за обезбедување стручна поддршка за формирање 14 Совети на струки, НЕ се реализираше од причини што немаше обезбедено услови за нејзина реализација.

**Преглед на активности кои се реализирани во текот на годината:**

- Промоција на струките во стручното образование - снимање ТВ-емисии во образовната програма на МРТ. Во соработка со Македонската радио телевизија и средните стручни училишта, Центарот учествуваше во образовната програма, промовирајќи ги следните струки: Градежно-геодетска, електротехничка, машинска и земјоделско-ветеринарна.
- Реализиран е проектот во соработка со Британски совет „Анализа за потребите од следење на дестинациите на завршените ученици по завршување на средното стручно образование“.
- Започнати се активности на проект кој е поддржан од Британски совет, во насока на имплементација на Стратегијата за стручно образование и обука 2013-2020 година (Инклузија во средното стручно образование). Во рамките на оваа активност, во ноември 2013 година почнаа активностите за изработка на Прирачник за работа со ученици со посебни образовни потреби и подготовките за организација и реализација на Национална конференција за инклузивно средно образование, кое се планира да се финализираат во февруари 2014 година.
- Центарот учествуваше во спроведување на оперативниот план на Владата на Република Македонија во 2013 година на активни мерки и политики за вработување. Со оперативниот план беа опфатени повеќе целни групи, кои се однесуваат на повеќе занимања кои се утврдени со анализата што ја спроведе Агенцијата за вработување на Република Македонија.
- Учество во комисии за верификација на програми и институции за посебни програми за образование на возрасни, во рамките на активностите на Центарот за образование на возрасни.
- Продолжување на активностите во рамките на ЈЕС Проектот за компонентите: „Вештини за вработување” и „Учење преку работа”.
- Центарот даде придонес во изработка на документот „Стратегија за развој на стручното образование во Република Македонија 2013 - 2020 година, која беше финализирана и промовирана.
- Согласно со задолженијата од Министерството за образование и наука, Центарот изготви „Општ стандард и норматив за опрема, простор и соодветен кадар за установите за постсредно образование.
- Извршено е скенирање на постојната состојба на училишните компании во рамки на практичната настава во економско-правна и трговска струка.
- Континуирано, пред почетокот на учебната година, Центарот има обврска да врши ажурирање на податоците во ЕМИСОТ, во однос на наставните планови и програми и тематските целини. За таа цел, Центарот изврши ажурирање и пренос на постоечките наставни планови и програми, како и внес на тематски целини кои се во согласност на наставните програми.

- Учество во спроведување Стручен испит на приправници во јавните средни училишта.
- Учество во спроведување на екстерниот дел од државната матура за ученици.
- Советниците од Центарот, врз основа на предложените програми од стручните училишта, а кои се реализираат во рамките на слободните часови на училиштето, подготвија стручни мислења за повеќе програми и ги доставија до училиштата.
- Изработен е акциски план за реализација на активности на стручните училишта, Занаетчиските комори и Центарот.
- Изработен е Меморандум за заедничка соработка помеѓу училиштата и Занаетчиските комори.
- Потпишани се меморандуми за соработка меѓу Занаетчиската комора на Република Македонија и стручните училишта од град Скопје.
- Потпишани се меморандуми за соработка меѓу Занаетчиската комора на Република Македонија, Регионалната занаетчиска комора на Куманово и средните училишта од Куманово, Кратово и Крива Паланка.
- Изработен е „Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на Регистар за ученици што склучиле договори за практична обука со установата за стручно образование и обука и работодавачот“.
- Изработена е Програма за издавање учебници за стручните училишта.
- Учество во комисии за верификација на нови профили во средните стручни училишта.

**Време на реализација:** јануари-декември, 2013 година.

**Учество во работни групи, комисии и конференции:**

Советниците од Центарот учествуваа како членови во следните работни групи и комисии чии носители се други институции:

- Евалуација на тендерска документација на провајдери за проектот „Евалуација на инвестициите со перспективи за идниот развој на Доживотно учење, посебно стручното образование и образованието на возрасни“;
- Комисија за изработка и член на работна група на Акциски план за вработување на младите 2015 година;
- Изработка на Правилник за верификација на установи за образование на возрасни;
- Селекција на апликации за Програмата „Леонардо да Винчи“ во Националната агенција за европски образовни програми и мобилност;
- Изработка на Македонска рамка на квалификации, документот „Појдовни основи на македонската рамка на квалификации” чиј носител е МОН;
- Работилницата „Предизвиците во спроведување на одржлив систем за професионален и кариерен развој на наставниците во Република Македонија“ во рамки на Проектот на УСАИД за професионален и кариерен развој на наставниците;
- Селекциониот комитет за потпрограмата Еразмус од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност;

- Изработен е Правилник за начинот на проверување на објективноста на наставникот при оценувањето на постигањата на успехот на учениците по наставните предмети, со кои учениците се стекнуваат со вештини, односно по наставните предмети за кои не може да се врши екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците во јавните средни училишта;
- Изработено е Упатство за водење на збирката на докази преку која се оценуваат постигањата на учениците по наставните предмети со кои учениците се стекнуваат со вештини, односно по наставните предмети за кои не може да се врши екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците;
- Учество во Проект за развој на вештини и поддршка на иновации-Светска банка - работна група;
- Учество во работна група за дефинирање Мрежа за прибирање податоци кои се поврзани со активностите од сферата на образованието, во насока на интегрираното образование - организирано од МОН и поддржано од ОПСЕ;
- Учество на комисија за следење на активностите од интегрираното образование;
- Учество во работни групи за дефинирање на активностите од ИПА 2015-2010 година;
- Дефинирање на стандардите и компетенциите за наставник, наставник-ментор и наставник-советник, во рамки на Проектот на УСАИД за професионален и кариерен развој на наставниците;
- Учество во Советот на Стратегијата за развој на стручното образование во Република Македонија, во контекст на Доживотно учење 2013-2020 година.

**Време на реализација:** јануари-декември, 2013 година.

## IV. ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Освен програмските активности, Центарот учествуваше и во други активности кои не се опфатени со Годишната програма за работа, а кои придонесуваат за развој на стручното образование. Земено е учество во следните активности:

- Четириесет и трети државен тракторски натпревар за учениците од земјоделско-ветеринарната и градежно-геодетската струка;
- Меѓународен натпревар за сувомонтажна градба – Кнауф;
- Изработка на структура на компонентата „Инструменти и Методологија за анализа на пазарот на трудот" во рамките на Британски совет;
- Учество на Деветти државен натпревар за учениците од угостителско-туристичка струка;
- Учество на меѓународниот натпревар на фризер Копер-Р.Словенија;
- Учество на 32-те државни натпревари на стручните училишта од електротехничка, машинска и сообраќајна струка;

- Семинари/работилници во организација на Култур контакт Австрија за стручно усовршување на наставниците и нивна имплементација на Водичот за угостителско-туристичките училишта и фирмите за зголемување на квалитетот на феријална практика, како и реализирањето на образованието за одржлив развој во туризмот;
- Учество во работата на здружението на ЕМУЦ-те;
- Изработка на тестови за државните натпревари на ЕМУЦ-те за електротехничка струка и партиципирање во реализацијата на државните натпревари и во Централната комисија на натпреварите.
- Учество во Управниот одбор на проектот „Модернизација на АВРМ“.
- Изготвени и испратени прегледи за реализирани национални и интернационални проекти во Р.Македонија за потребите на проектот „Евалуација на обезбедената финансиска поддршка за реформи во доживотното учење, посебно стручното образование и обука и образование на возрасни со препораки за идна помош“.
- Изготвување на финалниот извештај и обезбедување дополнителна документација која е побарувана од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, заради финализирање на проектот „Institutional collaboration in VET for Integrated Europe“ во рамките на Леонардо да Винчи;
- Изготвена Анализа за потребите од следење на дестинациите на завршените ученици по завршување на средното стручно образование, потпомогната од Британски совет;
- Учество на меѓународна работилница за финализирање на проектот “Vocational education and training for social inclusion and cohesion-policyand practices”, организирани од ЕТФ.
- Обуки на училишни тимови за имплементација на меѓуетничката интеграција во средните училишта;
- Менторска поддршка на училишни тимови за имплементација на меѓуетничката интеграција во средните училишта;
- Обука на наставници од стручните училишта за прилагодување на наставните програми за учениците со посебни образовни потреби;
- Финализирање на кластер на знаења-добри практики во стручното образование во соработка со МОН, проект на Романија, поддржан од ЕТФ;
- Учество во работата на работните групи водени од МОН за согледување на состојбите во образованието, согласно со Брижкиот процес;
- Редовно изготвување извештаи за работењето на Центарот за стручно образование и обука (месечен, тримесечен, годишен извештај) во работните групи за асоцијација и стабилизација, Секретаријат за европски прашања, Влада на РМ. Учество во активности за ревидирање на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија 2014.
- Подготовки и учество на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, мај 2013, Скопје;
- Учество во Советодавна работна група за иновации, Влада на РМ;
- Известување по однос на Статусот на реализација на активностите од Акцискиот план за започнување на пристапни преговори меѓу РМ и ЕУ;
- Учество на работилници „Визија за вештини 2020 година“ во рамки на FRAME проектот, поддржано од страна на ЕТФ, Торино;

- Учество на работни состаноци во врска со нацрт-дефинирани области за инвестирање во рамки на СОО што ќе се реализираат со кредитирање преку проектот „Развој на вештини и поддршка на иновации“ од Светска Банка;
- Учество во интервјуирање на претставници од институции за Анализа на следење на учениците по завршување на нивното образование, со поддршка од Британскиот совет.
- Извршено е истражување за начинот на реализација на државната матура во Австрија и Р. Словенија за потребите на МОН;
- Изготвување Рецензија за Прирачник за обука на Ромски здравствен медијатор;
- Учество во изработка на структура на компонентата „Инструменти и Методологија за анализа на пазарот на трудот” во рамките на Британски совет;
- Учество во изработка на Стратешки план за развојот на Центарот за стручно образование и обука и Акциски план;
- Подготовка на тестови за државни натпревари и учество на државните натпревари за учениците од хемиско-технолошка струка;
- Остварена е Студиска посета во Естонија со учество на еден советник, организирана од МОН и поддржана од ОПСЕ, во насока на имплементација на нивната Стратегија за интегрирано образование;
- Учество во изработка на Акциски план за организирање длабински и детални технолошки обуки во стратешките сектори, дефинирани со Стратегијата за промоција на извозот 2011 година (автомобилска, металопреработувачка, прехранбена, текстилна индустрија);

**Време на реализација:** јануари-декември, 2013 година.

## V. ДЕЛОВНА ПОДДРШКА

### 5.1. ПРЕДЛОГ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Во текот на 2013-та година, беше донесен Закон за измени и дополнување на Законот за стручно образование и обука, во кој беа опфатени предлозите за измени и дополнување на текстот на Законот за стручно образование и обука, изработени од страна на Центарот.

### 5.2 ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Во мај 2013 година, по претходно објавен јавен оглас и спроведена законска постапка, Управниот одбор на Центарот донесе одлука за избор и именување на заменик-директор на Центарот.

Во септември 2013 година, по добиена согласност од Министерството за финансии, преку проектот Суфицит-дефицит на Министерството за информатичко општество и администрација, беа преземени две лица на работните места: советник за планирање и спроведување на меѓународна соработка и виш референт – архивар.

Во декември 2013 година, по добиена согласност од Министерството за финансии за вработување на 11 нови лица во Центарот, беше објавен јавен оглас и спроведена постапка, врз основа на што се донесе одлука за избор и вработување на 5 нови лица на работните места: советник – систем инженер, советник за соработка со социјални партнери и државни органи, советник за струката лични услуги, советник за сообраќајна струка, советник за финансии, планирање и буџет и унапредување на 1 лице на работно место Раководител на сектор за развој на стандарди и наставни планови и програми. За останатите 5 работни места кои не се пополнија во 2013 година ќе биде побарана нова согласност во 2014 година и ќе биде спроведена нова постапка за вработување.

### 5.3. ОБЈАВУВАЊЕ ЈАВНИ КОНКУРСИ

За изработка на прашања за екстерно проверување на постигањата на учениците, нивен превод од македонски јазик на албански и на турски јазик и лектура, Центарот спроведе јавен конкурс за избор на надворешни соработници и тоа наставници од средните стручни училишта, преведувачи и лектори.

### 5.4. ЛЕКТОРИРАЊЕ, ПРЕВЕДУВАЊЕ И ЈАЗИЧНА РЕДАКЦИЈА

Континуирано во текот на 2013 година, согласно со потребите на Центарот, се вршеше лектура на програмски документи, правилници, прашања за екстерно проверување на постигањата на учениците, како и превод на документите од македонски на албански и на турски јазик и нивна јазична редакција.

### 5.5. ОДРЖУВАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА НА ЦЕНТАРОТ И ПРОМОЦИЈА НА РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ

Веб-страницата на Центарот беше постојано одржувана и ажурирана и тоа на македонски, на албански и на англиски јазик.

Исто така, редовно се објавуваат сите настани кои беа организирани од страна на Центарот или од страна на неговите партнери, со цел промовирање на работата на Центарот и новините во стручното образование и обука.

Со цел промовирање на работата на Центарот, беше организирано и учество на директорот на Центарот во емисија на Алсат-М телевизија.

### 5.6. ИТ ПОДДРШКА

Со цел успешно спроведување на обврските на Центарот во врска со екстерното проверување на постигнувањата на учениците, беше направен детален преглед на сите стручни предмети за секоја струка одделно, за нивно внесување во системот за електронско тестирање.

Беа организирани обуки за користење на системот за екстерно електронско тестирање на лицата кои ги внесуваа прашањата во системот и континуирано се следеше процесот на внесувањето.

Исто така, во континуитет се преземаа активности за одржување на преносните и персоналните компјутери во Центарот и за компјутерската мрежа.

## VI. ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

### 6.1 ФИНАНСИСКО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ

Во рамките на Годишната програма за работа на Центарот за 2013 година, се изработи и финансиски план за реализација на одобрените буџетски финансиски средства, согласно со потребите на Центарот.

Дел од финансиските средства за 2013 година, иако ни беа доделени со Буџетот, не беа реализирани од страна на трезорот при Министерството за финансии, со што овие нереализирани налози се префрлија како долг на Центарот за во 2014-та година.

Планот за јавни набавки предвиден за 2013-та година не беше реализиран, поради недоволни финансиски средства.

Составен дел на Извештајот за работењето на Центарот за 2013 година е и Годишниот финансиски извештај за 2013 година даден во прилог бр.1.

**ДИРЕКТОР**

**ЗЕЌИР ЗЕЌИРИ**

**Прилог 1**

## Годишен финансиски извештај за реализација на одобрениот буџет на Центарот за стручно образование и обука во период од 01.01. до 31.12.2013 година

### Р А С Х О Д И

| *Реден број* | *Ставка* | *Наслов на активноста* | *Вредност (годишно ниво)* |
|---|---|---|---|
| | **40** | **Плати и надоместоци** | **7.134.391,00** |
| 1. | 401 | - Основни плати на вработените | 5.208.109,00 |
| 2. | 402 | - Придонеси за социјално осигурување | 1.926.282,00 |
| | **42** | **Стоки и услуги** | **2.360.018,00** |
| 3. | 420 | **Патни и дневни расходи** | ***51.001,00*** |
| | | – патни трошоци во земјата | 420,00 |
| | | - патни трошоци во странство | 50.581,00 |
| 4. | 421 | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | ***580.000,00*** |
| | | - Електрична енергија | 150.289,00 |
| | | - Водовод и канализација | 148.066,00 |
| | | - Пошта | 12.830,00 |
| | | - Телефон и телефакс | 217.265,00 |
| | | - Гориво и масла | 29.227,00 |
| | | - Регистрација на возило | 14.927,00 |
| | | - Ѓубретарина | 7.016,00 |
| | | - Други комунални услуги | 380,00 |
| 5. | 423 | **Материјали и ситен инвентар** | ***105.542,00*** |
| | | - Канцелариски материјали (класери, вирмани, папки, пликоа, обрасци и друг потрошен материјал) | 36.553,00 |
| | | - Тонери, кертриџи, рибони | 35.223,00 |
| | | - Списанија, весници и др. материјал | 0,00 |
| | | - Прехранбени артикли и пијалаци | 0,00 |
| | | - Средства за одржување на хигиената | 33.766,00 |
| 6. | 424 | **Поправки и тековно одржување** | ***110.000,00*** |
| | | - Одржување на веб-страницата | 64.061,00 |
| | | - Одржување на компјутерската опрема и софтвер | 40.839,00 |
| | | - Одржување на службеното возило | 5.100,00 |
| 7. | 425 | **Договорни услуги** | ***1.476.475,00*** |
| | | - Осигурување на вработените | 18.000,00 |
| | | - Осигурување на градежен објект | 5.344,00 |
| | | - Сметководствени услуги | 83.124,00 |
| | | - Благајнички и други финансиски услуги | 175.600,00 |
| | | - Услуги за одржување на хигиената | 49.695,00 |
| | | - Наставни програми и стандарди | 171.235,00 |
| | | - Израб.25 стандарди на стручни квалиф.во стр.образ. | 296.629,00 |
| | | - Исплата за транспорт на канцелариска опрема | 5.000,00 |
| | | - Исплата на членови на Управен одбор | 327.586,00 |
| | | - Исплата на членови на Совет за стручно образование и обука | 240.672,00 |
| | | - Услуги за умножубање/копирање | 49.707,00 |
| | | - Услуги за подготовка и послужување топли и ладни напивки | 49.713.00<br>150,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Судски такси<br>- Завршни сметки | 4,020,00 |
| 8. | 426 | **Други тековни расходи**<br>- Објавување огласи<br>- Други оперативни расходи | **37.000,00**<br>29.487,00<br>7.513,00 |
| | **46** | **Субвенции и трансфери** | **2.181.525,00** |
| 9. | 465 | Исплата по извршни исправи | 2.181.525,00 |
| | **48** | **Капитални расходи** | **29.490,00** |
| 10. | 480 | Купување опрема и машини | 29.490,00 |

Вкупно расходи (р.бр.1 до р.бр.8) **11.705.424,00**

## Листа на реализирани/нереализирани активности предвидени со Годишната работа на Центарот во текот на 2013 година

| *Ред. број* | *Наслов на активноста* | *Коментар/Рок* | *Реализирани/ Нереализирани* |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Развој на стандарди на занимања и стручни квалификации** | | |
| 1.1. | Учество во истражување на пазарот на трудот | во зависност од динамиката на Агенцијата за вработување | ✓ |
| 1.2. | Подобрена соработка со социјалните партнери | континуирано | ✓ |
| 1.3. | Изработени стандарди на занимања за стручно оспособување и за стручно образование за занимања кои не се опфатени со Твининг програмата | прв квартал | - |
| 1.4. | Изработени стандарди на стручни квалификации за стручно оспособување и за стручно образование за занимања кои не се опфатени со Твининг програмата | втор квартал | - |
| 1.5. | Учество во развивање на Националната рамка на квалификации | во зависност од динамиката на МОН | ✓ |
| **2.** | **Развој на образовни програми** | | |
| 2.1. | Изработка на наставните програми за трета и четврта година за техничкото образование за новите образовни профили | прв и втор квартал | ✓ |
| 2.2. | Изработка на наставни програми за прва година за стручното оспособување и за стручното образование за занимања кои не се опфатени со Твининг програмата | прв и втор квартал | - |
| 2.3. | Изработка на испитни програми за државна матура и завршен испит | прв квартал и според искажани потреби | ✓ |
| 2.4. | Изработка, внесување и контрола на прашања за екстерна проверка на постигањата на учениците за 75 наставни предмети од новите образовни профили со четиригодишно траење на образованието, кои ќе се оценуваат преку тестови | прв квартал | ✓ |
| 2.5. | Изработка, внесување и контрола на прашања за екстерна проверка на постигањата на учениците за 30 наставни предмети од прва година од новите образовни профили во рамките на Твининг проектот, со тригодишно и двегодишно траење на образованието. | трет квартал | - |
| 2.6. | Изработка, внесување и контрола на прашања за екстерна проверка на постигањата на учениците, за дополнување на базата на прашања за 1.350 наставни предмети од постојните образовни профили во тригодишното и четиригодишното образование, кои ќе се оценуваат преку тестови. | прв квартал | ✓ |
| **3.** | **Истражување и развој на стручното образование** | | |
| 3.1. | Учество во утврдување на можности за отворање нови образовни профили во стручното образование | прв квартал | ✓ |
| 3.2. | Учество во реализација на оперативниот план на Владата на Република Македонија во 2013 година на активни мерки и политики за вработување | според динамиката на Програмата | ✓ |
| 3.3. | Учество во реализација на активности од Стратегија за развој на стручното образование во Република Македонија 2013 - 2020 година | континуирано | ✓ |
| 3.4. | Формирање совети за стуки | континуирано | - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.5. | Реализација на проекти за имплементација на Законот за стручно образование и обука за реализација на практичната настава кај работодавачите | континуирано | ✓ |
| 3.6. | Инструктивно-менторска и консултативно-советодавна работа со наставниците | континуирано | ✓ |
| 3.7. | Давање стручни мислења за програмите за слободни часови на училиштата | континуирано | ✓ |
| **4.** | **Обука на воспитно-образовни кадри во стручното образование** | | |
| 4.1. | Изработка на Анализа за потребите од обука на воспитно-образовниот кадар во стручното образование | прв квартал | ✓ |
| 4.2. | Изработка на Акциски план и Стратегија за обука на воспитно-образовниот кадар во стручното образование | прв квартал | ✓ |
| 4.3. | Обука на членови на работни групи за изработка на стандарди на занимања во стручното образование за занимања и во стручното оспособување, надвор од Твининг проектот | прв квартал | ■ |
| 4.4. | Обука на членовите на работните групи за изработка на наставни планови и наставни програми кои нема да бидат изработени од Твининг проектот | втор квартал | ■ |
| 4.5. | Обука на директори за поддршка на активности за имплементација на реформирани наставни планови и програми кои нема да бидат опфатени од Твининг проектот | втор квартал | ■ |
| 4.6. | Обука на наставници за имплементација на реформирани наставни планови и програми кои нема да бидат опфатени од Твининг проектот | втор и трет квартал | ■ |
| 4.7. | Обука на наставници за користење администраторски дел и Банка на прашања за екстерна проверка на постигањата на учениците | континуирано | ✓ |
| 4.8. | Обука на ментори од компании кои ќе примаат ученици на практична обука | континуирано | ✓ |
| **5.** | **Деловна поддршка** | | |
| 5.1. | Вработување на стручни кадри, согласно со потребите | Прв – втор квартал | ✓ |
| 5.2. | Избор на заменик-директор на Центарот | Прв – втор квартал | ✓ |
| 5.3. | Организирање и учество на трибини, конференции и сл. за промовирање на работата на Центарот | континуирано | ✓ |
| 5.4. | Одржување редовни состаноци | континуирано | ✓ |
| 5.5. | Изработка на измени и дополнувања на Законот за стручно образование и обука | Прв – втор квартал | ✓ |
| 5.6. | Учество во изработката на други закони и подзаконски акти од областа на стручното образование и во изготвувањето на предлог за измени и дополнување на одделни закони | континуирано | ✓ |
| 5.7. | Изготвување интерни правилници и изготвување поединечни општи акти: одлуки, решенија, извештаи и слично | континуирано | ✓ |
| 5.8. | Лекторирање текстови | континуирано | ✓ |
| 5.9. | Графичко уредување на текстови | континуирано | ✓ |
| 5.10. | Редактирање на програмски документи | континуирано | ✓ |
| 5.11. | Превод на документи од македонски јазик на јазикот на припадниците на заедниците и на англиски јазик и обратно | континуирано | ✓ |
| 5.12. | Одржување на веб-страницата на Центарот, нејзина надградба и ажурирање на податоците на | континуирано | ✓ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | македонски, на албански и на англиски јазик | | |
| 5.13. | Распишување јавни конкурси за избор на надворешни соработници | континуирано | ✓ |
| 5.14. | Промовирање на работата на Центарот преку печатени и електронски медиуми | континуирано | ✓ |
| **6.** | **Финансиски прашања** | | |
| 6.1. | Утврдување на потребите за набавка на канцелариски материјали, потрошен материјал, службени мобилни телефони, техничка опрема, мебел и слично | континуирано | ✓ |
| 6.2. | Изготвување план за вкупните потреби во тековната година по видови стоки, услуги и работи | Прв квартал | ✓ |
| 6.3. | Определување на динамиката на реализација на набавките, согласно со расположливиот буџет на Центарот и спроведување на постапките за јавни набавки, согласно со позитивните законски прописи | континуирано | ✓ |
| 6.4. | Ажурно и уредно водење на книговодството; составување завршна сметка за претходната година; составување извештај од извршениот попис на крајот на годината; срамнување на магацинската со книговодствената евиденција; изготвување месечни, полугодишни и годишни статистички извештаи за исплатените плати на вработените; водење магацинска евиденција; завршен попис, вршење други работи од областа на финансиското и материјалното работење, согласно со позитивните законски прописи | континуирано | ✓ |
| 6.5. | Ажурно и уредно финансиско и материјално работење | континуирано | ✓ |